**20130892094**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Врз основа на член 59-е став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13 и 79/13), министерот за транспорт и врски, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ НАЧИН

Член 1

Во Правилникот за начинот на спроведување на постапката за добивање на одобрение за градење на електронски начин („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/13) во членот 6 во ставот (1) точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “при што во (.PDF) формат се доставуваат сите делови од проектната документација (општ, урбанистички и проектен дел), а во (.DWG) формат само цртежите.“

Член 2

Во членот 7 зборовите: “и се доставуваат до барателот и во писмена форма“ се заменуваат со зборовите: “а примерок од одобрението за градење се доставува до барателот и во писмена форма.“

Член 3

Проектната документација која е изработена, ревидирана и заверена од страна на субјектите кои ја изработиле и ревидирале истата, пред влегувањето во сила на Правилникот за начинот на спроведување на постапката за добивање на одобрение за градење на електронски начин („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/13), може да се достави и скенирана во електронска форма во (.PDF) формат, во еден или повеќе електронски записи кои се потпишуваат со валиден дигитален сертификат само од страна на одговорното лице во правното лице во кое е изработена проектната документација.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-5572
20 јуни 2013 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Миле Јанакиески**, с.р.